08-325/4
27.09. 24

Врз основа на член 36, ст.1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр. 5/02) и член 21, став 1, точка 12 од Статутот на Општина Градско, Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 27.09.2024 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополна на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2024 година**

Во програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2024 година бр. 08-485/6 од 30. 11. 2023 година, во насловот IV, ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ,

Точката IV.2, се менува и гласи:

Реконструкција на Крак од улица 8 - ми септември во населба Градско чија вкупна должина изнесува 620 метри и проектирана вредност од 10.747.978 денари. Проектно техничка документација е изготвена (Основен проект и ревизија). Средствата ќе се обезбедат, дел од Буџетот на РМ во вредност од 8.748.498 денари, а остатокот од буџетот на општина Градско по склучен договор.

Во точката IV.3 по зборовите пресметковна вредност од 7.403.443,79 денари (средства обезбедени од Светска банка преку Министерство на Транспорт и врски од проектот поврзување на локални патишта и улици). се додава: крак 1 од улица Јане Сандански со должина од 197,19 метри со пресметковна вредност од 1.484.269,79 денари.
дел од улица Јане Сандански во должина од 258,25 метри со пресметковна вредност од 1.800.000 денари (Кофинансирање 60% Буџет на општина Градско и 40% Здружение Ромалитико).

Точката IV.4 се менува и гласи:

Реконструкција на улица крак 12 во с.Виничани, Општина Градско со должина од 135 метри и проектирана вредност 1.381.131,00 денари (средства обезбедени од Светска банка преку Министерство на Транспорт и врски од проектот поврзување на локални патишта и улици).

Точките IV.6; IV.7 и IV.8 се бришат

Измената и дополната влегуваат во сила со денот на нивното донесување, а ќе бидат објавени во „Службен гласник на Општина Градско“

Совет на Општина Градско
Претседател

Мирјана Ѓорѓиева